# „Клучевите на гајбот (невидливото) се пет

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Клучевите на гајбот (невидливото) се пет: Само Аллах знае кога Крајот на светот ќе настапи, само Тој го спушта дождот и само Тој знае што е во матките, а човекот не знае што ќе заработи утре и човекот не знае во која земја ќе умре; Аллах навистина сè знае и за сè е известен.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Гајбот го знае само Аллах, и никој друг освен Него. Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, појасни дека клучевите на гајбот и неговите ризници се пет: Прво: Никој освен Аллах не знае кога ќе настапи Часот – тоа укажува на знаењата за Ахиретот, бидејќи Судниот ден е неговиот почеток. Ако е исклучено знаењето за она што е најблиску, уште повеќе е исклучено знаењето за сè што следува потоа. Второ: Никој освен Аллах не знае кога ќе падне дожд – тоа укажува на работите од горниот свет. Спомнат е дождот, иако има причини што понекогаш укажуваат на негово доаѓање, но тоа не е со сигурност и извесност. Трето: Она што е во матката – дали е машко или женско, црно или бело, целосно или со недостаток, несреќно или среќно. Спомната е матката затоа што луѓето најчесто преку искуство дознаваат нешто за неа, но никој не ја знае нејзината вистинска суштина. Ако тоа важи за неа, тогаш уште повеќе важи за другите работи. Четврто: Никој освен Аллах не знае што ќе донесе утрешниот ден – тоа укажува на различните времиња и настаните што ќе се случат во нив. Спомнато е „утре“ како најблиско време, а кога дури и за него не се знае што навистина ќе се случи, тогаш уште помалку може да се знае за подалечното. Петто: Ниту една душа не знае во која земја ќе умре – тоа укажува на работите од долниот свет. Иако е вообичаено луѓето да умираат во својата земја, тоа не е правило. Дури и кога човек ќе умре таму, не знае на кое точно место ќе биде погребан, дури и ако има гробишта на неговите предци. „Аллах навистина сè знае и за сè е известен.“ – Тој го опфаќа видливото и скриеното, тајното и сокриеното, внатрешностите и надворешностите. Со овој ајет се опфатени сите видови на гајб, а се отфрлаат сите лажни тврдења.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee